**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-92/3**
**Скопје, 29.05.2024 година**

Записник од сто и трета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 29.05.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и третата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 102ра седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Разгледување на информацијата од страна на координаторите за подрачјето на ВЈО Битола.
3. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 102-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го повика координаторот за ВЈО Битола да се произнесе по оваа точка од дневниот ред, кажа дека еден од координаторите за ова подрачје јавниот обвинитечл Јелена Догазанка Колева оправдано е отсатна, додека членот на Советот г-дин Ицет Мемети кажа дека непосредно пред почетокот на сеницата, најавил дека нема да присуствува на седницата и воедно кажал дека ќе се повлече од позицијата заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.

По однос на точката два од дневниот ред збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која истакна дека при разгледување на месечните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, било удврдено дека има поголем број на несработени предмети, кои датираат со постар датум, па соглед на тоа е со мислење да се реагира до ВЈО Битола и да се побара информација кои се причините за непостапувањето по предметите во основните јавни обвинителства. Посебно го посочи Основното јавно обвинителство Охрид.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека оваа информација е корисна и воедно ги повика и останатите координатори во Советот доколку увидат вакви состојби на наредните седници да го известат Советот.

Збор зема и јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кој кажа дека во поглед на ажурноста на јавните обвинители во јавните обвинителства влијаат повеќе фактори. Едно е недостатокот од јавно обвинителски кадар. Конкретно за ОЈО Охрид кажа дека против еден јавен обвинител била водена дисциплинска постапка, и истиот има поднесено оставка и еден јавен обвинител е во ОЈО ГОКК –Скопје, што значи недостаток на двајца јавни обвинители. Потенцираше дека од страна на ЈОРСМ се вршат редовни надзори во однос на сите јавни обвинителства во РСМ. Конкретно за ВЈО Битола кажа дека се наоѓа во незавидна ситуација бидејќи има тројца јавни обвинители од кој еден ќе замине во пензија и ќе останат само двајца јавни обвинители. Истакна дека и во ова јавно обвинителство бил извршен надзор и ќе се добие извештај за причините за бројот на стари предмети. Посочи дека состојбите се алармантни и во останатите јавни обвинителства во РСМ, поради недостаток на јавно обвинителски кадар и дека до крајот на годината таа бројка ќе изнесува сто јавни обвинители. Воедно кажа дека без разлика на сите потешкотии со кои се соочуваат јавните обвинителства, истите постапуваат согласно своите можности и надлежности.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот ја следи состојбата во сите јавни обвинителства во РСМ. Кажа дека Советот и претходните години има реагирано за недостатокот на јавни обвинители, а посебно за состојбата во ОЈО Гевгелија каде има само еден јавен обвинител, а се работи за јавно обвинителство со проширена надлежност, но како што кажа до сега немало никаква реализација во тој поглед. Во поглед на ВЈО Битола кажа дека состојбата е позната и во најскоро време Советот ќе објави оглас за избор на јавни обвинители во тоа јавно обвинителство за да се пополнат испразнетите јавно обвинителски места. Во поглед на вкупната бројка за недостаток на јавно обвинителски места, кажа дедка Советот изготвува проекција и истата ја доставува до АСЈО. Смета дека со детална контрола да се отстранат сите евентуални пропусти за да се согледаат состојбите во ВЈО Битолса, поготово во ОЈО Охрид за што поскоро решавање на постарите предмети.

Г-дин Антонио Јолевски како координатор за тоа подрачје кажа дека на ова подрачје има најголем недостаток од јавни обвинители или скоро 50 проценти од предвидениот број согласно систематизацијата. Кажа дека само ОЈО Струга е пополнета со јавно обвинителски кадар, додека во сите останати фалат јавни обвинители вклучувајќи го и ОЈО Охрид

каде од предвидени осум јавни обвинители има само тројца јавни обвинители. Во однос на ОЈО Гевгелија истакна дека четири години се дискутира во ова јавни обвинителство да се упати уште еден јавен обвинител но досега сеуште не е постапено. Со предлог е кога ќе се упати јавен обвинител во ова јавно обвинителство тоа да биде на една година, а не како што било до сега на шест месеци, а се со цел да се има континуитет во работењето. За ОЈО Скопје кажа дека и таму има голем број на стари предмети, иако ова обвинителство е најпополнето со јавно обвинителски кадар од сите јавни обвинителства во РСМ. Кажа дека е добро тоа што ќе има нови 45 јавни обвинители со завршена обука за јавни обвинители, со што ќе се пополнат основните јавни обвинителства, кои се носители на работите, додека за вишите јавни обвинителства ќе треба да се направат дополнителни анализи.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со предлогот на членот на Советот Антонио Јолевски дека рокот од шест месеци за времено упатување во ОЈО Гевгелија е краток и смета дека тоа треба да биде до една година.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека ќе се заложи во што поскоро време биде решен проблемот во ОЈО Гевгелија и дека лично ќе го посети ова јавно обвинителство.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека доаѓа од тоа подрачје и ја поздрави заложбата на јавниот обвинител на РСМ да се реши проблемот со јавни обвинители во ова јавно обвинителство и смета дека нема да биде проблем и доколку времено се упати јавен обвинител и на шест месеци од причина што од месец септември ќе има еден кандидат со завршена обука за судии и јавни обвинители кој е од тоа подрачје и можно е да се попони едно јавно обвинителско место.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот по однос на новонастанатата ситуација со членот на Советот г-дин Ицет Мемети, пред да се отвори дискусија збор зема јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски, кој истакна дека во однос на ова прашање и почитувајќи го принципот на хирархија кажа дека како јавен обвинител на РСМ не може да присуствува по однос на оваа информација соглед дека Јавното обвинителство има заведено постака против членот на Советот по што ја напушти седницата.

Откако јавниот обвинител на РСМ ја напушти седницата се продолжи со истата каде што претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со настанатата ситуација, кажа дека против членот на Советот од страна на Кривичниот суд е одредена мерка на претпазливост одземање на патна исправа по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека јавноста беше известена, Советот ќе ги разгледа законските можности што може да превземе Советот во оваа ситуација. Кажа дека Согласно Законот за Советот на јавните обвинители, по кој што постапува Советот, не е предвидена можност за остранување од работно место додека трае кривичната, постапка како што е предвидено во законот за судовите. Од тие причини фактот дека на Советот му се врзани рацете за да може да се донесе било каква одлука со која ќе може да се тргне влијанието на членот на Советот против кого се води постапка. Кажа и ако Советот нема законска

можност да постапи со таква одредба која би била најлогична во оваа ситуација со оглед на сензитивноста на настанот, која предизвикал голем интерес во јавноста, Советот не смее да остане нем и мора да укаже да законските слабости во постапувањето по овој настан. Кажа дека со самиот факт што е отворена кривична постапка против член на Советот, што во Советот е извршен претрес што до сега се немало случено, директно се задира во угледот на Советот како институција и во неговиот кредибилитет и влијае на угледот на останатите членови на Советот. Кажа дека лично ја почитува презумцијата на невиност која со устав е загарантирана категорија и од тие причини Советот не може да зборува за кривичната постапка и одговорноста на членот. Воедно истакна дека од ставот на Советот во врска со овој настан ќе зависи перцепцијата на јавноста и на граѓаните како и на судската и јавно обвинителската фела, во однос посветеноста на Советот да се бори со криминалот и корупцијата. Кажа дека како член кој бил избран од страна на Собранието на РСМ, смета дека има морална обврска да ги декектира институционалните и персоналните грешки по постапувањето по овој предмет, што всушност има директна последица на угледот на Советот. Лично кажа дека жали што членовите на Советот како и јавниот обвинител на РСМ за овој настан дознале најпрвин од медиумите, за разлика од Судскиот совет. Воедно кажа дека Законот за јавното обвинителство предвидува да јавниот обвинител на РСМ го острани јавниот обвинител за кој што е поведена кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка, додека во Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, таква можност не е предвидена, и смета дека Советот како активен учесник во активностите кои што се спроведуваат во работната групата за измени на Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, тие слабости ќе ги детектира и ќе предложи нови законски решенија. Воедно кажа дека Јавното обвинителство на РСМ излегло во јавноста со соопштение се со цел да се оправда фактот зошто спрема учесниците во постапката имало двоен аршин во поглед на предлагањето на мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот каде било истакнато дека немало доволно докази да се даде мерка притвор. Воедно постави прашање доколку немало докази, зошто биле превземени дејствија за претрес во просториите на Советот, каде не е најдено ништо, но смета дека со самиот чин сторен е атак врз Советот. Кажа дека како член на Советот не може да најде одговор на ова прашање и постапување од страна на јавниот обвинител кој го води предметот. Воедно го повика јавниот обвинител кој постапува по предметот да не се плаши од било какви влијанија врз неговата работа, да го почитува начелото на непристрасност кое значи неселектиран пристап во примена на прописите, објективно и со личен интегритет да не подлегне на било какви притисоци и влијанија кои би можеле да влијаат во решавањето на предметот во постапувњето и водењето на кривичната постапка. Воедно кажа дека доколку има некои надворешни влајанија, јавниот обвинител случајот да го пријави во Советот на јавните обвинители на РСМ., како и секој јавен обвинител доколку се соочи со било каков вид притисоци и влијанија.

Г-ѓа Светлана Жупаноска кажа дека членот на Советот најавил повлекување од позицијата Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ и воедно ја поздрави ваквата најава и се надева

дека што поскоро ќе ја поднесе оставката, а тоа е најмалку што во оваа ситуација може да стори. Воедно кажа дека во однос на неговото присуство во понатамошното работење на Советот, во Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ нема одредба кога против член на Советот се води постапка, Советот да може нешто да превземе, а се до донесувањето на правосилна судска одлука. Кажа дека во вакви услови оставено е на совеста на самиот член на Советот, да одлучи дали ќе учествува во понатамошната работа на Советот.

Г-дин Антонио Јолевски се сложи со дискусиите на колегите и кажа дека на Советот законски му се врзани рацете и не може ништо да превземе освен она што во законот е предвидено. Кажа дека сега се остава на совеста односно моралот на членот на Советот дали понатаму ќе учествува во работењето на Советот, посебно би препорачал кај избор и разрешување на јавни обвинители да не учествува, но Советот тоа не може да го ограничи, туку останува тоа да го одлучи членот на Советот. Смета дека со неговото понатамошно учество во работата на Советот би се довел кредибилитетот на Советот во прашање со што јавноста би можела да побива во носењето на такви одлуки учествувал член на Советот против кој се води постапка пред надлежно јавно обвинителство.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека тие се законските решенија и не може да се излегува од рамките на истите. Истакна дека Советот ќе го следи текот на кривичната постапка во континуитет и согласно тоа ќе се постапи согласно законските одредби.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на предметот – претставка СОПП бр.23/24 , каде што кажа дека Советот нема можност да постапи.

Отткако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и третата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**